ИЗЛОЖБА

# "МЕЧТАТА НА МОЈОТ ЖИВОТ"

***Кон истоимената меѓународна изложба на авторки, отворена на 29 март во Националната уметничка галерија во Софија***

*Динамичниот развој на радикални и економски процеси на Балканот во изминатата декада и конфликтите и нивните драматични последици ги ослабнаа контактите меѓу уметниците од овие земји...*

*...Позицијата на жената во овој регион историски беше во контекст на ориенталната традиција на јавната доминација на „машкото“...*

*...Балканската јавност ја гледа женската улога примарно во домот, во кујната и меѓу децата. Предрасудите дека жените се неспособни да преземаат одговорности надвор од своите домаќински должности се многу традиционални. Но, во контекстот на промените што ги означија доцните деведесетти на нашиот век, тие заземаат повеќе од еднакво место во уметноста. Тие веќе не се плашат да заземат силни ставови, да создадат вредни и моќни дела и да експериментираат со новите форми на визуелните уметности...*

*...Нивните сништа (мечти) се нешто што не може да им биде одземено...*

*...Соништата им нудат поддршка во тешките времиња како средство за опстанок и како катализатор на природните аспирации за подобар живот, ...за поблиска соработка и реализација на интернационални проекти, базирани врз принципот на лојалност и почит на сите разлики - национални, религиозни, етнички и културни...*

Ова се некои од идеите што доведоа до реализирање на изложбата „Мечтата на мојот живот“ ("The Dream of My Life"), која има аспирации но и реални изгледи да стане биенална манифестација. По малку романтичниот наслов на оваа изложба е разработен преку пет поттеми, кои кореспондираат со поимите сон/мечта - реалност: „Забава“; „Звуците на




куќата“; „Кујната - хармонија на семејните сништа“; „Добри девојки/лоши девојки“ и „Танцот на архангелите/Градина на цвеќињата“. На изложбата беа присутни осум авторки (по две од секоја балканска земја): Елена Панајотова, Моника Роменска (Бугарија); Ана Стојковиќ, Моника Мотеска (Македонија); Аурора Дедиу, Мирела Даучеану (Романија); Марија Вауда и Јелица Радовановиќ (Југославија).

За изразување на женскиот аспект (не феминистички), кој се должи на големиот креативен потенцијал на жените-уметници од овој регион, беа искористени најразлични медиуми: фотографија, видео, објекти, инсталации...

За делата: Марија Вауда на (речиси) идентичен начин (со пет душеци со женски фустанчиња, пет колор фотографии) ги прикажува сивите зони на човековото опстојување, односно зоните на ненаселивост - Вер Ѕерфунг, кои, иако се маргинализирани територии, отфрлени од општествениот живот, според неа се многу значајни, бидејќи во нив се формира критичната мисла, се изградува субјектот. На сличен начин - преку повторливост на еден елемент (основен е цртежот на брод, разни предмети), кој поинаку реагира и соодветствува со секоја од петте теми, работи и Моника Роменска. Аурора Дедиу користи пет колор фотографии со голем формат, во слични димензии, за да го измени значењето на секојдневните предмети и состојби и да им даде меланхолично значење. Ана Стојковиќ, преку чиста и стерилна атмосфера на четири класично поставени маси за ручек, раскажува одредени приказни. Тоа се повторува и во една тетратка направена од салфети, во која се бара и од посетителот да раскаже некоја приказна од детството.



Покрај овие четири авторки, кои на секоја тема одговараат на сличен начин, следните го прават тоа преку



користење (речиси секогаш) на различни изразни елементи: Моника Мотеска во своите дела (фотографии, слајд проекција, видео) ги разгледува добрата и лошата страна на сонувањето, исполнетите мечти (извор на радост) и неисполнетите (извор на фрустрации), кои можат различно да влијаат врз нашите сништа. Елена Панајотова ги разработува петте теми на различен начин (фотографии, објекти, инсталација). Еднаш тоа се статични сведоци - сенки што го сугерираат некогаш постоечкото, другпат се критика на современото потрошувачко општество или, пак, на вредностите од древноста, при што повеќе се нагласува визуелното естетско доживување. Во прилог на носталгичноста, Мирела Даучеану ја нагласува тактилноста на предметите (просторна инсталација со „лебдечки" пердуви) или експериментира со човековото сетило за мирис (исушени цвеќиња). Јелица Радовановиќ, пак, работи со фотографија, видео, цртеж, различни предмети за да ја прикаже судбината на настанокот на женскиот идентитет, кое се должи на универзалниот културолошки запис, особено специфичен за Балканот.



Продирајќи во сферата на (само)критичноста, иронијата, егоцентризмот, меланхолијата, изолацијата, нарацијата, традицијата, културата, општеството, во делата на овие авторки се евидентни различни и сосема индивидуални пристапи и размислувања: од лично-емоционални до егзистенцијално-социјално-политички, кои притоа многу често го користат принципот на интерактивност, т.е. активното учество на публиката во доживувањето на делата.

Во теоретскиот дел на оваа изложба учествуваа: Јасмина Чубрило (Југославија), Вера Марин (Романија) и Маја Чанкуловска (Македонија), кои одделно ги претставија своите гледишта околу актуелните тенденции во современата уметност во секоја земја поодделно, а беше „присутно" и предавањето за уметноста и социјалните промени на Небојша Вилиќ (Македонија).

Маја ЧАНКУЛОВСКА